**М-р Тамара Витларова Смилевска**[1]

# КРИВИЧНОТО ДЕЛО „ИЗМАМА“ ОД ЧЛ. 247 ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК ВО СУДСКАТА ПРАКТИКА

**1.02 Прегледна научна статија**

**УДК 343.721:347.99(497.7)**
**УДК 343.721:347]:347.99(497.7)**

**Апстракт:**

Во трудот е направена анализа на законското битие на кривичното дело Измама од член 247 од Кривичниот Законик, како едно од најчестите кривични дела во практиката. Ова кривично дело се разликува од другите имотни деликти според учеството на самата жртва во штетното располагање со својот или туѓ имот. Се отвара и прашањето за проблематичното утврдување на намерата со цел разграничување на кривичното дело Измама од граѓанско - правниот однос во практиката. Притоа, конкретно се анализирани поднесени обвиненија за ова кривично дело, првостепени и второстепени одлуки, како и одлуки и начелни ставови и правни мислења на Врховниот суд. Во секој конкретен случај за кривичното дело Измама, треба да се поаѓа од поединечните околности од кои може да се утврди дали кај сторителот постоела однапред изградена намера за неизвршување на договорената престација, која е суштествен факт за правење јасна дистинкција дали во случајот се работи за граѓанско правен однос или за кривично дело Измама.

**Клучни зборови**: измама, кривично дело, кривична постапка, суд, обвинение, заблуда, штета, граѓанско - правен однос.

[1] Судија во Основен кривичен суд Скопје, Магистер по казнено право на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, Е-пошта tamaravitlarova@yahoo.com

## 1. Вовед

Објект на заштита во Главата на кривичните дела против имотот од Кривичниот законик се сите облици на сопственост и другите имотни права. Во заштитата на овие права, казненото право не располага со свои оригинерни поими, туку се надоврзува на граѓанско-правното уредување на овие односи.

Основниот поим на имот[2] се сфаќа во истата смисла во која е дефиниран од граѓанското право, како збир од субјективни граѓански права што му припаѓаат на субјектот на правото (физичко или правно лице), како што се: правото на сопственост, други права врз стварите, облигационите права итн.

Кривичното дело „Измама“, пропишано во чл. 247 од Кривичниот законик, е сместено во Главата на овие кривични дела, чиј објект на заштита се имотните права и интереси. Меѓутоа, противправните дејства, кои го исполнуваат битието на ова кривично дело, не се состојат само во оштетување на имотните интереси на друг, туку и во измамувањето, доведувањето друг во заблуда.

Од овие причини, кај ова кривично дело постои поширок објект на заштита, а тоа е сигурноста во правниот промет и меѓусебната доверба како нејзина претпоставка.

Кривичното дело „Измама“ се разликува од другите кривични дела против имотот според начинот на прибавување на противправната имотна корист.

Сторителот на ова кривично дело не одзема нешто што му припаѓа на друг. Жртвата[3] е доведена во заблуда со измамничките дејства на сторителот, кој се служи со: лаги, измама, итрост и слично, и самата си се оштетува, односно презема дејства на штета на својот или

[2] В. Камбовски, Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Матица, Скопје стр. 907.

[3] Ф. Бачиќ, Кривично право – посебен дел, Скопје 1973, стр. 309

на туѓ имот. Притоа, жртвата не е свесна дека таа само претставува инструмент во рацете на сторителот на кривичното дело за остварување на неговите користољубиви цели.

## 2. Законски обележја на кривичното дело Измама

Основниот облик на ова кривично дело (пропишан во ставот 1 од членот 247) ги содржи следниве обележја:

- преземање измамнички дејства од страна на сторителот;

- доведување во заблуда на оштетениот;

- преземање или непреземање од страна на оштетениот нешто на штета на својот или на туѓ имот;

- намера на сторителот за прибавување противправна имотна корист за себе или за друг.

Сите овие обележја се во определен временски и каузален однос. Најпрвин, потребно е сторителот да преземе некое измамничко дејство, потоа со тоа дејство жртвата да биде доведена во заблуда или да биде одржувана во заблуда, и конечно под влијание на заблудата таа да преземе или да не преземе нешто на својот или на туѓ имот.

*Измамничките дејства* се состојат во лажно прикажување или прикривање факти.

Лажното прикажување претставува активно дејство на прикажување факти што не постојат, односно прикажување поинаков начин на некој факт што постои (продавање прстен за кој сторителот тврди дека е златен, а тој не е, итн.).

Прикривањето факти е дејство со кое сторителот ја попречува жртвата да го сознае постоењето на определени факти што се релевантни за располагање со имотот, односно сторителот ја убедува жртвата дека фактите не постојат. Прикривањето може да биде и во пасивен став, пропуштање (премолчување) изнесување факти, кога кај сторителот постои правна должност со нив да запознае некое лице. Како резултат на ваквите измамнички дејства, жртвата треба да биде *доведена или да се држи во заблуда*, односно помеѓу измамничките дејства и заблудата потребно е да постои причинска врска. Заблудата[4] е

[4] В. Камбовски, ibid, стр. 939.

погрешна претстава за определени факти: измамениот погрешно смета дека не постојат факти што всушност постојат или дека постојат факти што всушност не постојат.

Значи, дејството на сторување на ова кривично дело[5] е наведување некое лице да стори или да не стори нешто на штета на својот или на туѓ имот. Под поимот наведување се смета секое дејство чија цел е да се влијае врз друго лице тоа да донесе одлука за некое чинење или нечинење. Тоа наведување може да се изврши на два начина: со доведување некое лице во заблуда и со одржување некое лице во заблуда.

Погрешната претстава на жртвата се однесува само на правно релевантни факти што се во врска со располагањето со имотот од страна на жртвата. Како доведување во заблуда може да бидат опфатени и случаите на искористување на неспособноста на личноста воопшто да формира правилна претстава за определени факти (искористување дете, пијано лице, а во последно време често се среќаваат и случаи на искористување стари лица, со лажно прикажување факти по телефон дека нивни блиски доживеале сообраќајни несреќи, поради што се потребни пари за лекување, итн.). Во практиката, преземањето измамнички дејства и доведувањето во заблуда на жртвата понекогаш се условени и од наивноста на жртвите.

Во печатените и електронските медиуми кај нас многу често се среќаваат натписи дека во полициските станици се поднесуваат кривични пријави за сторено кривично дело „Измама“ од страна на лица што сметаат дека биле измамени, бидејќи дале одреден износ пари или накит на лица што тврделе дека знаат да ја предвидат иднината или знаат да растураат магии.

Овие лица во ниту еден случај не може да се сметаат за жртви на кривичното дело „Измама“.

Кога оштетените лица за правење магии свесно му даваат награда на лицето што се занимава со баење и гатање, тогаш не постои битниот елемент на кривичното дело „Измама“ бидејќи имотната штета дошла како резултат на нивните волја и свест.[6]

---

[5] B. Cejovic, Krivicno pravo posebni deo, Privredna stampa, Beograd, 1980, стр. 292.

[6] Решение на Врховниот суд на Р. Македонија, Кж. бр. 50/63 (ЗСО книга 1, стр. 87).

Последица на доведувањето и одржувањето во заблуда е *преземање или непреземање дејство од страна на жртвата на штета на својот или на туѓ имот.* Тоа значи дека каузалниот синџир започнува со лажно прикажување или прикривање факти, а се финализира со одлуката на жртвата за преземање односно непреземање некое дејство на штета на својот или на туѓ имот. Под општиот поим штетно располагање се подразбира намалување на вкупниот имот на некое лице (измамениот или трето лице).

Кривичното дело е довршено со преземање на штетното располагање, при што не е потребно сторителот да ја реализирал својата намера за прибавување противправна имотна корист. Оттука, се разликува довршување на ова кривично дело во формална или во материјална смисла. Се разбира, при ова мора да се имаат предвид и законските одредби за обид на сторување кривично дело.

*Според своето субјективно битие, „Измама“ е умислено кривично дело.*

Ова е поради тоа што оној што со лажно претставување на фактите или прикривање на таквите го доведува другиот во заблуда нешто да стори на штета на својот или на туѓ имот секогаш е свесен и сака жртвата да ја доведе во заблуда со лажно ветување или убедување.[7]

Посебен субјективен елемент е намерата за прибавување противправна имотна корист. Таа се смета за противправна кога сторителот не може според некоја правна основа да полага право на користа што ја прибавил со измамата.

Сторител на ова кривично дело може да биде секое лице што со умисла и посебна намера за прибавување противправна имотна корист го доведува во заблуда оштетениот со лажно прикажување или прикривање факти и го наведува нешто да стори или да не стори на штета на својот или на туѓ имот.

Утврдувањето на намерата е особено проблематично кај разграничувањето на измамата од граѓанско-правниот однос.[8] Честопати, сметајќи дека патот на казнената

---

[7] Решение на Врховниот суд на Р. Македонија, Кж. бр. 368/63 (ЗСО книга 1, стр. 87).

[8] В. Камбовски, ibid, стр. 941.

правда е пократок, оштетените лица кај граѓанските деликти ги пријавуваат нив како дела на измама (невраќање зајмици, купопродажба на почек, неизвршување други однапред платени услуги итн.).

Поради ова, во теоријата и практиката особена важност се посветува на поставувањето основни начелни критериуми што би требало да бидат земени предвид во однос на тоа кога определени дејства треба да се квалификуваат како казниво дело, а кога тие претставуваат граѓанско-правен однос.

Појдовната основа од која би требало да се тргне при квалификацијата на дејствата на сторителот е дали пред настанувањето определен граѓанско-правен однос, должникот (сторителот на кривичното дело) однапред знаел дека не може да ја изврши соодветната престација, која е предмет на граѓанско-правниот однос.

Па така, доколку тој однапред знаел дека не може да ја исполни конкретната престација, која е предмет на граѓанско-правниот однос, тој дејствува измамнички и неговите дејства се квалификуваат како кривично дело „Измама“. Во спротивен случај, би се работело за граѓанско-правен однос.

Во практиката се среќаваат вакви дела на измама при откупување земјоделски производи од страна на лица што воопшто немале регистрирано фирма за ваков откуп или истапувале во името на фирма што не е регистрирана за ваква дејност. Притоа, на производителите, како доказ за извршениот откуп им издавале писмени потврди со лого на измислени фирми или заверени со невистинити печати и со нечитки потписи.

Во ставот 2 од членот 247 од Кривичниот законик е пропишан привилегиран облик на ова кривично дело – доколку сторената штета е од помала вредност. Согласно одредбите од чл. 122 т. 33 од КЗ, како помала имотна корист или штета се подразбира вредност што одговара на износот на службено објавена една половина просечна месечна плата во државата во време на извршувањето на делото. Освен овој објективен услов, пропишано е кумулативно да биде исполнет и субјективен услов – сторителот да одел кон тоа да прибави таква вредност.

Ставот 3 од членот го пропишува квалифицираниот облик на делото – доколку сторената штета (прибавената имотна корист) е од поголема вредност. Согласно чл. 122 т. 34 од КЗ, како поголема имотна корист се подразбира вредност или штета што одговара на износот од пет просечни месечни плати во државата во време на извршувањето на делото.

Исто така, во став 4 е пропишан квалифициран облик на делото – доколку сторената штета (прибавена имотна корист) е од значителна вредност. Согласно чл. 122 т. 35 од КЗ, како значителна се смета имотната корист што одговара на износот од педесет просечни месечни плати во државата во време на извршувањето на делото.

Во ставот 5 е пропишан привилегиран облик на основното кривично дело од ставот 1 – доколку сторителот на делото ја врши измамата не со намера за прибавување противправна имотна корист, туку со намера за оштетување друг (кога сторителот го убедува својот сосед да ја евтанизира неговата крава со лажно прикажување факти дека тој има стручни познавања од ветерина и дека таа покажува симптоми дека е болна од заразна болест).

Ставот 6 пропишува еден специјален облик на измама. Дејствата на извршување на ова кривично дело се комплексни. Тие се состојат во: местење резултати на спортски натпревари или игра (со поткупување на играчите, судиите на спортските натпревари или организаторите на играта). Со ваквите дејства треба да бидат доведени во заблуда лицата што се обложуваат, организаторите на преноси, гледачи или други лица и тие да се наведат да сторат нешто на штета на својот или на туѓ имот (да се обложат, да платат за пренос на натпреварот итн.).

Во ставот 7 е пропишано казнување за обид за делата од ставот 1 (основниот облик) и ставот 5 (ситно дело „Измама“), со оглед на фактот што пропишана казна за овие облици на кривичното дело е под пет години затвор, поради што е потребно казнувањето за обид да биде изречно пропишано со закон согласно чл. 19 ст. 1 од Кривичниот законик.

Ставот 8 пропишува казнување за ова кривично дело (се мисли за сите негови облици) доколку тоа е сторено од страна на правно лице и доколку се исполнети пропишаните услови од чл. 28-а од Кривичниот законик.

Во последниот став од членот, односно во ставот 9 е пропишано дека кривичното гонење за делото од ставот 2 (ситно дело „Измама“) и делото од ставот 5 (кога делото од ставот 1 е сторено само со намера за оштетување друг, а не за прибавување противправна имотна корист) се презема по приватна тужба.

**3. Од судската практика**

*3.1 Од страна на Основното јавно обвинителство Скопје е поднесено обвинение КО бр. 435/21 против обвинетата Џ. С. за кривично дело „Измама“ од чл. 247 ст. 4 в.в. со ст. 1 од КЗ.*

*Затоа што:*

*Во периодот од декември 2019 до март 2020 година, со намера за себе да прибави значителна имотна корист ги довела и ги одржувала во заблуда оштетените И. С. и К. С. со лажно прикажување факти и ги навела на штета на својот имот да ѝ дадат пари во износ од 49.500,00 евра во денарска противвредност од 3.044.250,00 денари на име на купопродажба на стан на улицата ...... со површина од 46 м$^2$ во Скопје, запишан во имотен лист број ..... за КО ......, на име на обвинетата, на начин што лажно им прикажала дека по исплатата на купопродажната цена на станот, ќе им го пренесе правото на сопственост на оштетените во јавните книги, иако знаела дека со договор за заем од 2019 година, солемнизиран под ОДУ број ...... кај нотарот С. К. во Скопје должи пари на заемодавачот К. П. во износ од 479.700,00 денари, и се согласила тој да претставува извршна исправа доколку не врати која било рата од заемот, така што заемодавачот да спроведе извршување врз целокупниот движен и недвижен имот, па иако таа не платила ниту една рата согласно Договорот за заем, според кој заемот требало да се врати заклучно со 6.6.2020 година и знаела дека ќе се спроведе извршување врз предметниот стан, ги навела оштетените на 30.12.2019 година да склучат Преддоговор за купопродажба на станот заверен под УПЗ. број ... кај нотарот Н. П. во Скопје, а на 2.1.2020 година да склучат Договор за купопродажба на станот, согласно кој оштетените ја исплатиле купопродажната цена во целост заклучно со 12.3.2020 година, а на 9.3.2020 година платиле и данок на промет за недвижноста во износ од 92.704,00 денари, но кога требало да извршат солемнизација на договорот кај нотар, биле известени дека на*

*станот е запишан налог за извршување И. број .... на извршителот В. Д., во корист на доверителот К. П., кој со записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање од 13.10.2021 година е продаден на најповолниот понудувач.*

*Основниот кривичен суд Скопје со Пресуда К. бр. 788/22 од 6.4.2023 година, обвинетата ја огласи за виновна за кривично дело „Измама“ од чл. 247 ст. 4 в.в. со ст. 1 од Кривичниот законик, за кое ѝ изрече алтернативна мерка – условна осуда, со која на обвинетата ѝ утврди казна затвор во траење од 2 (две) години и определи дека таа нема да се изврши ако обвинетата за време од 5 (пет) години од правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.*

*Судот, согласно чл. 49 ст. 2 од КЗ, определи дека утврдената казна затвор ќе се изврши и доколку обвинетата во рок од 6 (шест) месеци од правосилноста на пресудата не го надомести имотноправното барање во износ од 3.044.250, 00 ден на оштетените И. С. и К. С.*

*Од образложението на првостепената пресуда:*

*...Во конкретниот случај, имајќи предвид дека обвинетата, согласно договорот за заем на 6.12.2019 година, не ја платила првата рата, истиот договор станал извршна исправа, па со тоа таа знаела дека врз недвижноста што ја понудила на продажба ќе претстои извршување, а со тоа не ќе може да ја исполни престацијата. Обвинетата, иако знаела дека врз недвижноста претстои извршување, подоцна во текот на декември 2019 година го понудила станот на продажба на оштетените, прикривајќи го овој факт и доведувајќи ги во заблуда оштетените дека врз истата недвижност ќе може да стекнат сопственост, иако тоа не било можно имајќи предвид дека пред стапување во преговорите за купопродажба, недвижноста била подобна за извршување.*

*Во ваквите дејства на обвинетата се содржани сите законски обележја на кривичното дело „Измама“ од чл. 247 ст. 4 в.в. со ст. 1 од КЗ.*

*Против првостепената пресуда, обвинетата преку нејзиниот бранител изјавила жалба до Апелациониот суд поради суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка, погрешна и нецелосно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право.*

*Со Пресуда Кж. бр. 422/24 од 29.10.2024 година, Апелациониот суд Скопје жалбата на обвинетата ЈА ОДБИЛ како неоснована, а Пресудата на Основниот кривичен суд К. бр. 788/22 Скопје ЈА ПОТВРДИЛ.*

*3.2. Основното јавно обвинителство Скопје поднело обвинение КО бр. 1336/16 од 8.7.2021 година против обвинетиот Х. Х. за кривично дело „Измама“ од чл. 247 ст. 3 в.в. со ст. 1 од КЗ.*

*Затоа што:*

*На 1.12.2016 година, на улицата ... во В..., скопско, со намера за себе да прибави противправна имотна корист, го довел во заблуда оштетениот З. В., лажно прикажувајќи му факт дека патничкото моторно возило марка ... со рег. бр. ..., ќе го позајми од оштетениот за завршување своја лична потреба во Република Грција, на што оштетениот се согласил и на штета на својот имот му ги дал клучевите и документите од возилото, кое обвинетиот го зел и повеќе никогаш не му го вратил, со што му нанел штета на неговиот имот во вкупен износ од 200.000,00 денари.*

*Основниот суд, постапувајќи по поднесеното обвинение, со Пресуда К. бр. 1836/21 од 25.2.2025 година, обвинетиот ГО ОСЛОБОДИЛ ОД ОБВИНЕНИЕ согласно чл. 403 ст. 1 т. 3 од ЗКП – јавниот обвинител не докажал надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил делото за кое се обвинува.*

*Од образложението на првостепената Пресуда:*

*...Ценејќи ги сите изведени вербални и материјални докази, кај судот се појавија сомневања во однос на утврдување на решителниот факт – дали оштетениот З. В. е сопственик на предметното возило марка ... и дали истото му било предадено во владение по склучениот договор за продажба на истото помеѓу него како купувач и обвинетиот како продавач, со оглед на фактот дека субјективен елемент на предметното кривично дело е намера кај сторителот за прибавување противправна имотна корист. Ова значи дека оштетениот мора да биде сопственик на определениот предмет – во случајот на предметното возило, за истиот да се јави во својство на оштетен, односно да му биде*

*причинета штетата на неговиот имот со преземените дејства на одржување во заблуда од страна на обвинетиот...*

*...Согласно наведените одредби од Законот за возилата, евидентирањето на склучениот договор за купопродажба (помеѓу обвинетиот како продавач и оштетениот како купувач) на предметното возило во службите при МВР е задолжително за да би можело да се изврши промената на сопственоста врз возилото од име на обвинетиот на име на оштетениот, како и на истото да може да се вршат задолжителните технички прегледи што се основна претпоставка за истото да се употребува во патниот сообраќај...*

*...Самиот оштетен во својот исказ наведе дека сообраќајната дозвола за предметното возило се водела на име на обвинетиот и по склучувањето на договорот, возилото не го префрлил на свое име. Наведе дека еднаш му дал пари на обвинетиот за да го регистрира возилото за да може да се вози за потребите на нивниот заеднички бизнис .... најверојатно кога му дал пари за регистрација на возилото, тој истото го регистрирал повторно на негово име...*

*...Застапникот на обвинението во текот на постапката презеде обврска во дополнение на доказната постапка да достави известување за движењето на сопственоста и сообраќајните дозволи за предметното патничко возило од базата на податоци во Одделението за возачи и моторни возила при МВР, но таков доказ не беше доставен до судот...*

*...Во самиот диспозитив, застапникот на обвинението никаде изречно не го наведува зборот „поголема вредност", кој мора да биде наведен, доколку го товари обвинетиот за ставот 3 од предметното кривично дело и во оваа насока не презентира ниту еден релевантен доказ за негово утврдување...*

*...За судот остана нејасно на кој начин јавниот обвинител утврдил дека оштетениот е доведен и одржуван во заблуда од страна на обвинетиот и како тој на штета на својот имот предизвикал штета од 200.000,00 денари, како што е наведено во обвинението...*

*...Во оваа насока, кај судот се појавија сомневања во однос на утврдувањето на субјективниот елемент кај обвинетиот. Од страна на јавниот обвинител не беа презентирани докази во насока на утврдувањето на решителниот факт, дека обвинетиот ... на ден ... на улицата ... дејствувал умислено, односно дека презел какво било дејство (со лажно прикажување или прикривање факти), со кое оштетениот бил доведен во заблуда да стори штета на својот имот...*

*Овластениот тужител во оваа постапка не докажа дека токму лицето З. В. може да има својство на „оштетен“ во постапката не ја докажа висината на предизвиканата штета, иако го товари обвинетиот за квалифициран облик на предметното кривично дело и не докажа дека обвинетиот дејствувал умислено, односно истиот имал намера за прибавување противправна имотна корист при преземањето на кое било дејство од негова страна...*

*Од овие причини, согласно чл. 4 од ЗКП, судот одлучи на начин поповолен за обвинетиот, односно оцени дека јавниот обвинител, како овластен тужител, не докажа надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил кривичното дело што му се става на товар.*

*Против првостепената пресуда, јавниот обвинител изјавил жалба до Апелациониот суд Скопје поради суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка и поради погрешно утврдена фактичка состојба.*

*Со Пресуда Кж. бр. 488/25 од 30.9.2025 година, Апелациониот суд Скопје жалбата на Јавниот обвинител ја ОДБИЛ КАКО НЕОСНОВАНА.*

*Пресудата на Основниот кривичен суд Скопје К. бр. 1836/21 ЈА ПОТВРДИЛ.*

*3.3. Основното јавно обвинителство Скопје поднело обвинителен предлог КО бр. 1264/22 од 24.7.2023 година против Ј. Т. за кривично дело „Измама“ од чл. 247 ст. 1 од КЗ.*

*Затоа што:*

*На 10.8.2018 година, со намера за друг да прибави противправна имотна корист, со лажно прикажување факти ги довел во заблуда вработените во ЈП ДП на штета на буџетот на РС Македонија да му издадат Одобрување бр. ..... на начин што направил*

*лажна исправа – Барање за издавање одобрување за вонреден превоз бр. ..., така што навел лажни податоци за бројот на оски на приклучното возило марка ......., кое било влечено од ТМВ марка ...... со рег. бр. ... управувано од возачот О. Х. од Р. Турција, за правното лице ... од Истанбул, внесувајќи податоци дека истото има 5 оски, иако знаел дека има 4, а воедно во барањето внел лажен податок дека товарот изнесува вкупно 52.200 кг, колку што тежи само машината Хитачи 520, која била на приклучното возило, иако требало да биде внесен податок дека вкупната тежина на ТМВ марка ...., приклучното возило марка ... и машината Хитачи изнесува 73.458 кг, врз основа на кое барање му било издадено наведеното одобрување за кое платил износ од 27.669 денари, наместо 124.000 денари, колку што требало, односно на штета на буџетот на РС Македонија, биле уплатени 97.000 денари помалку.*

*Основниот кривичен суд Скопје, постапувајќи по поднесеното обвинение, донел Пресуда К. бр. 1711/23 од 31.1.2024 година, со која обвинетиот ГО ОСЛОБОДИЛ ОД ОБВИНЕНИЕ согласно чл. 403 ст. 1 т. 1 од ЗКП – делото за кое се обвинува не е кривично дело според законот.*

*Од образложението на првостепената пресуда*

*...Јавното претпријатие за државни патишта, меѓу другото, е надлежно за управување на државните патишта, постојано следење и контролирање на состојбите на државните патишта, како и издавање одобренија, одобрувања и дава мислења согласно Законот за јавните патишта...*

*...Во членот 43 став 1 од Законот за јавните патишта е пропишано дека користењето на државниот пат со возило што е празно или заедно со товарот ги надминува пропишаните услови во поглед на димензиите, вкупната тежина и оскиниот притисок, се врши врз основа на одобрување за вонреден превоз издадено од Јавното претпријатие, по претходна согласност од Министерството за внатрешни работи. Идентично законско решение е пропишано и во членот 75 од Законот за превоз во патниот сообраќај. Согласно членот 41 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај, за одобрување за вонреден превоз и за прекумерно користење на пат се поднесува барање до Јавното претпријатие, по кое претпријатието е должно да одговори во рок од 15 дена...*

*Поднесеното барање бр. ... за вонреден превоз од страна на обвинетиот до Јавното претпријатие за државни патишта е поднесено согласно одредбите од чл. 41 ст. 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај.*

*Надлежните службени лица во Јавното претпријатие за државни патишта, по претходна согласност на МВР, ги издават овие дозволи и ја определуваат висината на надоместокот, кој треба да го плати превозникот во корист на Буџетот, не врз основа на податоците во барањето, туку по проверката на сите наводи и поднесени прилози кон поднесеното барање – во случајот скица за димензијата на возилата и растојанието помеѓу оските, како и копија од сообраќајната дозвола.*

*Оттука, со поднесеното барање на вонреден превоз, обвинетиот не можел да го доведе во заблуда надлежниот орган, кој постапува по ова барање во управна постапка – Јавното претпријатие за државни патишта, затоа што надлежните лица биле должни да ја донесат својата одлука – одобрение за вонреден превоз не врз основа на наводите наведени во барањето на странката – обвинетиот, туку врз основа на целосно испитување на тие наводи и своја оцена на нивната вистинитост.*

*...Во оваа насока, судот цени дека во дејствата што му се ставаат на товар на обвинетиот за конкретно поднесено Барање бр. ... за вонреден превоз, за кое е издаденото Одобрение бр. ..., не се содржани законските обележја на кривичното дело „Измама“ од чл. 247 ст. 1 од КЗ.*

*Против првостепената пресуда, јавниот обвинител изјавил жалба до Апелациониот суд Скопје поради суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка и поради погрешно утврдена фактичка состојба.*

*Апелациониот суд Скопје со Пресуда Кж. бр. 599/24 од 16.10.2024 по повод жалбата, а по службена должност, првостепената Пресуда ЈА ПРЕИНАЧИ поради правилна примена на Кривичниот законик и донесе ОДБИВАТЕЛНА Пресуда поради настапување апсолутна застареност на кривичното гонење.*

*3.4. Лажно прикажување од чл. 258 од КЗ (Измама) ќе има и тогаш кога сторителот на кривичното дело ќе склучи договор за купопродажба со измамениот, ако*

*договорот е начин последниов да биде доведен во заблуда на штета на свој или туѓ имот нешто да стори или да не стори.* [9]

*Пресуда на Врховниот суд на Р. Македонија Кж. бр. 91/77 од 3.6.1977 година.*

*Од образложението:*

*...Во дејноста на обвинетиот, според наоѓањето и на Врховниот суд на Македонија, постои кривично дело „Измама“ од чл. 258, ст. 2 од КЗ. Склучениот договор меѓу обвинетиот и оштетениот во конкретниов случај не укажува на друга фактичка положба од онаа што ја утврдил првостепениот суд, ниту, пак, секогаш склучениот договор мора да значи дека е во прашање граѓанско-правен однос...*

*...Склучениот договор кај сторителот на кривичното дело измама може да биде еден од начините да се доведе во заблуда оној што треба нешто да стори на штета на својот или на туѓ имот. При ова, со склучувањето на договорот, сторителот на кривичното дело „Измама“ се раководи од тоа договорачот да го доведе во заблуда во однос на договорената обврска, бидејќи однапред оди кон тоа да не ја изврши, а сè со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист...*

*3.5. За да постои делото „Измама“, при купопродажбата нужно е купувачот уште од почетокот да дејствува измамнички.*[10]

*Решение на Врховниот суд на Р. Македонија Кж. бр. 741/76 од 28.1.1977 година.*

*Од образложението:*

*...Кога се работи за купопродажба, која по правило е граѓанско-правен однос меѓу купувачот и продавачот, би се работело за измама ако купувачот има измамнички дејства уште во моментот на договарањето, т. е. уште тогаш да има намера да дојде до*

---

[9] Збирка на Судски одлуки на Врховен суд на Р. Македонија, книга 2, стр.68

[10] Збирка на Судски одлуки на Врховен суд на Р. Македонија, книга 2, стр.69

*противправна имотна корист, односно уште тогаш да е со мисла да ги земе стварите, а никогаш да не му плати на продавачот....*

*3.6. Кривичното дело „Измама“ не може да се изврши со лажно прикажување или прикривање факти изнесени во поднесокот (царинска декларација и молбата за ослободување од царина), со која царинскиот обврзник бара да му се реши определено барање во царинската постапка, бидејќи управниот орган (царината) тие факти мора по службена должност да ги испитува и утврдува согласно чл. 257 од Царинскиот закон.*

*Пресуда на Врховниот суд на Р. Македонија Кж. бр. 125/84 од 6.9.1984 година.*

*Од образложението:*

*...Царинарницата, како што е тоа предвидено во чл. 257 ст. 1 т. 2, била должна да утврди дека кон декларацијата се приложени сите исправи потребни за царинење на стоките, дали тие исправи се издадени од надлежните органи или организации и дали ги содржат сите податоци потребни за царинење. Но, несомнено, во случаите кога наши доселеници по доселувањето бараат да бидат ослободени од царина за стоки што подоцна ги набавиле, должни се да приложат список за порано увезените предмети, со цел да се утврди дали веќе такви стоки не увезле и дали веќе не го искористиле правото за ослободување од царина. Без тој список, царинската постапка не може да се спроведе... Оттука, царинскиот службеник во случајов не вршејќи ја сопствената должност, решава дека само врз податокот содржан во поднесокот царинската декларација, а на тој начин делото не може да се стори.*

*...Според тоа, во дејствата на обвинетите не се содржани елементите на кривичното дело „Измама“, бидејќи царинарницата како управен орган била должна по службена должност сама да ги провери и да ги утврди тие факти и околности...*

## 4.Заклучни согледувања

Кривичното дело „Измама“ е едно од најчестите кривични дела во практиката. Меѓутоа, не секогаш постојат изедначени правни толкувања од страна на овластените

тужители и судиите во однос на законските обележја на ова кривично дело и не секогаш се прави разлика помеѓу постоење елементи на ова кривично дело и граѓанско-правен однос.

Токму по ова прашање, наведената судска практика укажува дека основата од која треба да се тргне за да се направи јасна дистинкција за тоа кога станува збор за кривично дело, а кога за граѓанско-правен однос е намерата на сторителот за прибавување противправна имотна корист уште при склучувањето на правната работа и преземањето дејства на лажно прикажување или прикривање факти. Доколку кај сторителот однапред постои намера да не ја исполни престацијата што е предмет на граѓанско-правниот однос, тој дејствува со умисла за сторување кривично дело „Измама“.

Исто така, постои неизедначена судска практика во однос на прашањето дали и кога може одговорно службено лице, кое одлучува по определено барање на странките, да биде доведено во заблуда. Притоа, од исклучителна важност е утврдувањето на фактот дали во рамките на неговите службени должности, тој има обврска самиот да ги проверува валидноста и вистинитоста на фактите што се наведени во барањата на странките. Доколку се утврди тој факт, службеното лице не може да биде доведено во заблуда и во ваков случај не постојат елементи на кривичното дело „Измама“.

Библиографија :


- Babic, M i Markovic.I, Krivicno pravo , posebni deo,Pravni fakultet Banja Luka,2007
- Бачиќ,Ф. Кривично право-посебен дел, Универзитет Кирил и Методиј Скопје, 1973
- Cejovic,B,Krivicno pravo posebni deo,privredna stampa, Beograd, 1980
- Lazarevic.Lj. Krivicno pravo, posebni deo, drugo izmeneto izdanje, Beograd 1983
- Кајзер.Г, Криминологија,Александрија, Скопје 1995
- Камбовски В. Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Матица, Скопје, 2015
- Камбовски В. Организиран криминал,2-ри август, Штип,2005

- Коштанов, А. и Вангеловски, Ј. Кривичен законик со судска пракса на Врховниот суд и регистар на поими, Скопје, 1996
- Арнаудовски, Љ,Криминологија, 2-ри Август, Штип, 2007
- Збирка на судски одлуки - Книга 1, Врховен суд на Република Македонија,
- Збирка на судски одлуки - Книга 2, Врховен суд на Република Македонија,
- Збирка на судски одлуки - Книга 3, Врховен суд на република Македонија,
- Закон за кривична постапка (Службен Весник на Р. Македонија бр. 15/97 од 03.04.1997 година)
- Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23 и 188/23)



**Tamara Vitlarova Smilevska LLM**[11]


---


[11] Judge at Basic Criminal Court Skopje, LLM in Criminal law , University „Ss. Cyril and Methodius “Skopje, Law Faculty „Iustinianus Primus“, E-mail tamaravitlarova@yahoo.com

# THE CRIMINAL OFFENCE „FRAUD“ UNDER ARTICLE 247 OF THE CRIMINAL CODE IN JUDICIAL PRACTICE

Abstract

The paper analyzes the criminal offence Fraud stipulated under Article 247 of the Criminal Code, as one of the most common criminal offences in practice. This crime differs from the other property crimes, in terms of the victim's participation in the harmful disposal of his/her or someone else's property. The issue of problematic determination of intent in order to distinguish the criminal act of Fraud from the civil- legal relation in practice, is also raised. Specifically, filed indictment for this crime, first-instance and second-instance court decisions, as well as decisions and principle legal opinions and general positions of the Supreme Court, have been analyzed.

In each Fraud case, the starting point should be the specific circumstances from which it can be determined whether the perpetrator had a pre-existing intention to not perform the agreed cessation, which is an essential fact for making a clear distinction whether the case is a civil -legal relation or a criminal offence Fraud.

Keywords: fraud, criminal offence, criminal procedure, court, indictment, delusion, damage, civil - legal relation